**ЗАПИСНИК**

Од деветта седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 22.06.2026 година, (понеделник) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни:** 11 советници и претставници од администрацијата

**Отсатни:** Јована Богданоска, Агнеса Билали Муслији, Идриз Идризи и Агнеса Зенуни

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред

**Дневен ред**

1.Усвојување на записникот од деветтата седница на Советот на општина Брвеница.
2.Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2026 год.
3.Предлог-Одлука за формирање на Комисија за односи меѓу заедниците.
4.Барање за поставување на лежечки полицајци и ограничување на брзината на движење.
5.Барање за надоместок на штета на пцовисани животни-усмртени кокошки од кучиња скитници..

Претседателот на Советот го прочита дневниот ред и праша дали има измени и дополнувања на истиот,и кажа денеска имаме дополнителни уште 3 точки.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот дневниот ред со дополнителните точки го стави на гласање и истиот беше усвоен од присутни советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред **„**Усвојување на записникот од деветтата седница на Советот на општина Брвеница,,,

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот првата точка „Записник од деветтата седница на Советот на општина Брвеница,, , ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните советници.

**II**

По однос на втората точка на дневниот ред „ Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2026 год

Претседателот на Советот збор и даде на Соодветната од општината да образложи по однос на точката.

Соодветната од општината кажа, оваа одлука се носи со самото носење на Буџетот и покажува како ќе се извршува Буџетот во текот на годината. Одлуката за извршување на Буџетот ја правиме по терк што ни е пратено од Министерство, ако ни се случи некоја техничка грешка знаат да ни ја вратат назад и да ни дадат насоки да поправиме. Вие веќе сте ја донеле оваа одлука само пто сега се работи за некоја техничка работа или грешка па мора да ја поправиме.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејки никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Брвеница за 2026 год,, ја стави на гласање и истата беше беше едногласно усвоена од присутните советници.

**III**

По однос третата точка на дневниот ред ,, Предлог-Одлука за формирање на Комисија за односи меѓу заедниците.,,

Претседателот на Советот и како претседател на комисијата за верификација кажа, имавме состанот на Комисијата каде што дадовме предлози за членовите. Од редот на советниците да бидат Мумин Реџепи, Николче Јанески, Самир Ганији и Христина Аврамоска, надворешни членови Суад Зенуни и Љубиша Даилоски. Точката се увои едногласно.

Претседателот на Совет збор и даде на Соодветната од општината да образложи по однос на точката.

Соодветната од општината кажа, оваа комисија имам мандат од 4 години, мора да има застапеност член од сите политички партии и некој надворешен член. Оваа комисија и е истечен мандатот и

сега треба да се изберата нови членови затоа имаше и комисија каде што произлегоја предлозите. Оваа комисија има за задача да ги одржува меѓуетницките односи и др.работи. Може да функционира иако немам меѓуетнички односи, така да нема да е на одмет да биде составена од квалитетни луѓе што сакаат да работаат, што ќе остваруваат состаноци каде ќе испраќаат извештај и ќе можеме на време и во ред да ги одговараме на прашалниците што ни ги праќаат од другите институции.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката, ,, Одлука за формирање на Комисија за односи меѓу заедниците.,,, ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните советници.

**IV**

По однос на четвртата точка на дневниот ред **„** Барање за поставување на лежечки полицајци и ограничување на брзината на движење,,

Претседателот на Советот кажа, имаме петиција од група на граѓани за ул.Браќа Јаниќ, имаат проблем со голема бука од мотори и скутери во доцните часови каде што од таа галама неможат да спијат. Да превземе нешто по однос на ова дали лежечки полицајци да се постават или нешто да се направи.

Збор зеде Абиљ и кажа, во последно време се соочуваме со вакви настани, брзо возење на цела територија на општината не само на оваа улица. Ние како општина повеќе пати сме интервенирале во сообраќајна полиција за да имаме почести патроли за да не дојде до некој немил настан. Во врска со лежечките полицајци тоа е голема процедура која што треба да се запази. Треба прво да се направи проект па потоа да се добие согласност од сообраќајната полициј бидејќи се менува режимот на сообраќај. Се добива и мислење од министерство за транспорт и врски. Посложена е оваа постапка и треба многу време, не е едноставна. Во зависност од тоа што ќе донесе Советот ние ќе дадеме се од себе да помогнеме за оваа ситуација.

Претседателот на Советот кажа, мое мислење е да оставиме на општината што може во нејзините можности да направи.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Збор зеде Мумин Реџепи и кажа, и јас мислам исто така, јас ја подржувам оваа петиција, конкретно се работи за пат кој не е регионален, и тие што живееат на таа улица подобро го знаат проблемот. Тука општината со било кое решение треба да реагира побрзо, како мисли општината така да направи, ако мислат дека треба да се стават легнати полицајци така нека биде.

Збор зеде и Самир Ганији и кажа, и јас се сложувам со оваа петиција како барање, оваа дополнителна точка што јас ја ставив е со од ист карактер, бидејќи сметам дека ова е голем проблем на целата територија на општина Брвеница.

Збор зеде и Јовица Радески и кажа, ние како совет го сваќаме ова барање или петиција од луѓево што се тука потпишани, сигурно од мака тоа го направиле. Не е работата ние само да го изгласаме, туку треба да направиме нешто што ќе вроди со плод и што ќе биде од особено значение. Со лежечките полицајци е голема процедура како што кажа и Абиљ, треба елаборат па се со ред, тоа е долга и тешка процедура каде што треба се да се запази. Додека тоа биде дали ние како Совет може да се обратиме со СВР и МВР Тетово зачестена патролна контрола. Овој проблем го има секаде и по другите села, затоа мора нешто да се превземе бидејќи веќе е страшно. Мислам дека ова може да вроди со плод бидејќи може и вечер да помине патрола, казните ги знаеме сите. Тука се виновни родителите што купуваат мотори на малолетни деца, треба свеста да работи кај сите. Барам зачестена контрола од полиција тоа е од мене што мислам дека ќе вроди со плод а се другото е само на збор. Тука сме да го решиме ова не само ете сме гласале и толку, напротив треба да се превземе нешто.

Збор зеде Соодветната од општината и кажа, обично кога имаше сообраќајки на почетокот на селото се бараја легнати полицајци и зачестени контроли. Ние ќе донесеме заклучок врз основа на овој предлог и барање, со тој заклучок и соодветен од општината ќе се испрати до МВР и СВР Тетово или преку тел.разговор ќе се договорат што како, бидејќ
и до сега секогаш позитивно ни одговарале на нашите барања.

Поовторно за збор се јави Јовица Радески и кажа, може и со писмено барање да има зачестени контоли на ниво на цела општина. Бидејќи од како ќе се случи некој немил настан џабе е се после тоа, нека се превземе нешто на време.

Збор зеде Мумин Реџепи и кажа, овде се работи за споредна улица не е регионален пат, тие што ја поднеле оваа петиција знаат како е подобро за нив дали легнати полицајци или патрола. По мене не е добро да им седи полиција тука пред врата на некои, мислам дека неличи, Тоа што барале легнати полицајци тоа и им треба можеби, мислам дека треба да прифатиме бидејчи тоа е нивен предлог.

Збор зеде и Претседателот на Советот и кажа, моментално општината неможе да ги стави, е сега да бараме некое друго решение. Да врти патролата низ цела општина кај што е најпроблематично. Ние ќе дадемо предлог да поминуе патролата на пример од кај 23 часот до кај 2 часот после полноќ. Ова ни е моментално и најбрзо решение, а потоа може да ја тераме постапката, ова е некоку месеци сега во летниот период после тоа никој невози мотори кога е ладно. Мој предлог е ова па сега ако имате нешто да додадете кажете.

Бидејки никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Барање за поставување на лежечки полицајци и ограничување на брзината на движење,, ,, ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните советници.

**V**

По однос на петтата точка на дневниот ред **„** Барање за надоместок на штета на пцовисани животни-усмртени кокошки од кучиња скитници,,

Претседателот на Советот кажа, ова може на секого да се случи. Се работи за направена штета на украсни кокошки. Имате во материјалот и записник од полицијата. Има побарано да му се плати

штета од 70.000 денари штета поради усмртување на тие кокошки од страна на кучиња скитници. Ова може на секого да се случи, проблем ни се овие кучиња, ако сега ние ова го изгласаме т.е. оваа сума, ќе стане како пракса на сите во општина Брвеница, и после секој кој ќе има и најмала штета за сличен ваков настан ќе се обраќаат кај нас во општина. Ние неможеме ништо да му помогнеме, ако општината има средстав нека му исплати ама сепак мислам дека не е во ред, бидејќи сите знаеме како функционираа овие работи, фати пријатели и прилози документи и донеси во општина.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Збор зеде Мумин Реџепи и кажа, колку ја што читам тука пишува дека му се каснати од кучиња на сопственикот некој си Гајо, значи не се скитници. Не се совпаѓа записникот со неговата изјава. Ако ова остане како пракса, ние не сме проценители да знаеме колку била штетата. Ако општината давала на други за вакви случаи нека му даде и него ама не колку што бара тој.

Збор зеде Николче Неделкоски и кажа, тука пишува од кого се кучињата, не се скитници како што навел тој, туку пишува дека имале сопственик тие кучиња.

Збор зеде и Соодветниот од општината и кажа, ние како општина сме надлежни за кучиња скитници, во случај на каснување со целокупна документација со записник и извештај од медицинско лице, ама тука се работи за нешто сосема друго.

За збор се јави и Јовица Радески и кажа, овој човек што го поднел ова барање нема како прво комплетна документација, треба да повика ветеринарна иснпекција да дојде на лице место да утврди се што било на лице место па после ова што го донел.

Повторно за збор се јави Мумин Реџепи и кажа, кога и други барале вака оштета од општината не сте барале комлетна документација, мислам дека како што сме постапиле со другите така и со овој случај треба.

Претседателот на Советот кажа поради некомплетна документација јас ова барање го отфрлам, нека собере се што му е потребно па нека достави до општина, па општината нека одлучи што ќе прави понатака.

Бидејки никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Барање за надоместок на штета на пцовисани животни-усмртени кокошки од кучиња скитници„ ја стави на гласање и истата гласана со 1 воздржан и другите 10 беа против.

**VI**

По однос на шестата дополнителна точка на дневниот ред „ Акционен план за поставување на камери за видео-надзор на дивите депонии на општина Брвеница„

Претседателот на Советот кажа, ова е еден од условите ние што му ги баравме на концесионерот кога беше точката за покачувањето на ѓубрето.

Претседателот на Советот збор му даде на Соодветната од општината да образложи по однос на оваа точка.

Соодветаниот од општината зеде збор и кажа, се работи за поставување на камери на диввите депонии на територијата на општина Брвеница. Целта на овој план е да се намалат дивите депонии и да се зачува животната средина. При покачување на цената, концесионерот се обврза да донира камери да поставиме кај дивите депонии. Камерите ќе ги донира Еко ливинг и монтажата исто, на општината и останува да ги одреди на кои места ќе бидат поставени овие камери. Треба да се запази и законот за лични податоци, кој има право да ги гледа овие камери, кај што ќе има поставено ваква камера ќе има означено и на табла да ги предупредува граѓаните дека се снима. Ние како општина планираме 11 места за поставување на камерите, кој што од време на време ќе бидат набљудувани од инспекциската служба со цел да ја задржиме животната средина. И врз основа на тие камери ќе се превземаат дејства врз лицата што ќе ги прекршат овие правила, согласно законот. Верувам дека ќе ја постигнеме целта но и да ја подигнеме свеста кај граѓаните.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Мумин Реџепи и кажа, во врска со камериве е досбро ја сум за, дали веќе постоечките диви депонии се веќе исчистени како што вети или тоа е само за камерите а депониите че си останат како до сега.

Соодветниот од општината кажа, ние како општина одлучивме прво да се исчистат дивите депонии па после да се постават камери и така и ќе биде. Прв приоритет ќе ни биде дивата депонија во село Теново, па во Милетино. Потоа ќе се постават камери и табли за предупредување.

Претседателот на Советот кажа, еве ни сега да се оправдаме пред народот за тоа покачување од 100 денари, дека веќе нешто се превзема.

За збор се јави и Јовица Радески и кажа, кога беше седницата со претставникот од еко ливинг не се сеќавам добро дали се обврза тој да ги исчисти дивите депонии, бидејќи сега слушнав дека општината ќе ги исчисти тоа малку не ми е јасно.

Соодветниот од општината кажа, освен овој услов имавме и побарано да постави канти за селекцијана отпад кој ќе се постават во сите населени места.

Претседателот на Советот кажа, ќе има одредени места каде што ќе се фрла тој отпад, тоа ќе биде во дупки ископано и потоа ќе се затрпува. Тие дупки ќе бидат наменети само за габаритен отпад, бидејќи комуналниот ни го собираат од пред врата.

Бидејки никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „ Акционен план за поставување на камери за видео-надзор на дивите депонии на општина Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните советници.

**VII**

По однос на седмата дополнителна точка на дневниот ред **„** Одлука за формирање на Совет за социјална заштита на Општина Брвеница.

Претседателот на Советот збор и даде на Соодветната од општината да ја образложи оваа точка.

Соодветната од општината кажа, законска обврска на општината е да го формира овој совет за социјална заштита. Постои и упатство за функционирање на овој совет и тука пишува од која

област треба да бидат членовите. Мора да се формира бидејќи ни стигаат еден куп мејлови со прашалници што треба да се пополнат а ние сеуште немаме формирано таков совет. Има членови од сите институции каде што од општината сум јас како координатор.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на советот точката, „ Известување за проблем со кучиња скитници во близина на училиштето Коста Рацин с.Брвеница„ ја стави на гласање и истата се усвои едногласно од страна на присутни советници.

**VIII**

По однос на осмата дополнителна точка од дневниот ред „ Барање на Совет на родители од ОУ 7 Марси Челопек за поставување знаци или пешачки премини за заштита на пешаците и децата од Долно Челопек„

Претседателот на Советот збор и даде на Самир Ганији да образложи по однос на точката.

Самир Ганији кажа, овој проблем го имаме низ целата општина, се бара да има лежечки полицајци пред училиштето и сообраќајни знаци и пред вратата на училиштето да има знак за забрана за паркирање за да можат децата да влегуваат и излегуваат од училиште без да бидат во опасност. Тоа е потпишано од советот на родители од училиштето.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на советот точката „ Барање на Совет на родители од ОУ 7 Марси Челопек за поставување знаци или пешачки премини за заштита на пешаците и децата од Долно Челопек„„ ја стави на гласање и истата се усвои едногласно од страна на присутни советници.

По исцрпување на точките од дневниот ред заврши десетта седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
**Христина Радичевска**

**Совет на општина Брвеница**
**Претседател,**

**Бр.08- 763/2** **Роберт Милошески**
**22.06.2026 г**